ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-149/9**

**Дата: 03.08.2010**

ДО

ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски центар „Скопје” – Скопје - сметка на основен буџет, за 2009 година.

Ревизијата утврди дека е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките од претходната ревизија за 2002 година со оглед на тоа што најголем број од препораките се имплементирани, односно 63% се спроведени, 12% не се спроведени, а 25% не се применливи поради надлежност на други институции или промена на законските прописи.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата констатиравме дека кај Државниот студентски центар „Скопје“ – Скопје не се извршени усогласувања на внатрешната организација, работа, и другите општи акти согласно законската регулатива, извршени се евидентирања на објекти за кои не се обезбедени соодветни документи како доказ за правото на сопственост односно користење, вршени се исплати за привремени вработувања на несоодветен начин и утврдени се недоследности во имплементацијата на Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата во ДСЦ ревизијата дава препораки во однос на донесување општи акти (правилници, колективен договор и одлуки) согласно Статутот, Деловникот за работа и законската регулатива, обезбедување имотни листови од Агенцијата за катастар на недвижности за носителот на правото на сопственост, односно користење на земјиштето и објектите, утврдување на потребниот број на работни места со новиот правилник, обезбедување согласност за евентуални нови вработувања, и усогласување на постапките за јавни набавки со барањата предвидени во Законот.
Наодите што се однесуваат на недонесени општи акти и неправилно применет начин на вработување со договор на дело се констатирани и со ревизијата за 2002 година, а препораките `сеуште не се спроведени.

Обрнуваме внимание дека во отсуство на критериуми за финансирање на дејноста во студентските домови што е надлежност на Министерството за образование и наука, финансирањето не се врши на начин предвиден со Закон, односно според реална економска цена за сместување и исхрана на студентите. Министерството не доставува извадок од годишниот финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки за одобрените средства во буџетот, со што создава неизвесност во плаќањето на обврските на домовите.
Ревизијата констатира и неизвесност во правото на користење и располагање со земјиште доделено на користење на СД „Гоце Делчев„ Скопје со површина од 9.033 м2. Земјиштето е дадено 2002 година на долготраен закуп од 30 години на Агенцијата за млади и спорт за изградба на спортска сала, кое е издадено во подзакуп на приватна фирма по договор со неограничен рок на користење. ДСЦ нема увид дали Агенцијата, односно подзакупецот го користи објектот исклучиво за намената за која е доделен и дали студентите имаат право на бенефицирано користење на истиот.

# 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 17 до 19 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски центар „Скопје” - Скопје (во понатамошниот текст ДСЦ) - сметка на основен буџет, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија на финансиските извештаи и на усогласеност со закони и прописи кај Државниот студентски центар „Скопје“ – Скопје за 2002 година и издадени се ревизорски извештаи со негативно мислење. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Крешимир Павиќ, директор од 18.01.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДСЦ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2010 до 20.05.2010 година кај Државниот студентски центар „Скопје” - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од 2003 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2002 година. Според резултатите од оваа ревизија постигнат е задоволителен напредок во отстранување на утврдените слабости со имплементација на дадените препораки на овластениот државен ревизор.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 31.05.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 09.07.2010 година.

На ден 21.07.2010 година со писмо број 1214/3 од 20.07.2010 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-149/4 од 09.07.2010 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот, освен за наодот во точка 4.2.2. кој се дополнува со нов пасус во Конечниот извештај и се менува содржината на дадената препорака.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

### 4.1 Интерни контроли

**4.1.1** Системот на интерни контроли на ДСЦ не обезбедува исплатата на платите на вработените да се врши врз основа на реално одработените часови во согласност со Законот за работни односи. Иако се воведени евидентни книги за редовност на вработените и лицата ангажирани по договор на дело кои овозможуваат контрола на времето на доаѓање и заминување од работното место, не се воспоставени контролни процедури кои би обезбедиле пресметката и исплатата на платата да се врши врз основа на реално одработеното работно време.

**Препорака**

Одговорните лица за водење евиденција за присуство и отсуство на вработените во редовен работен однос и лицата ангажирани со договор за дело, да водат евидентни книги со сите податоци и потписи, а месечните извештаи да се контролираат и проверуваат од друго одговорно лице.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 ДСЦ не постапил и не извршил усогласување на својата организација, работа, и другите општи акти согласно чл. 70 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, донесен во јули 1998 година. Субјектот нема донесено посебен акт за внатрешна организација, а Правилникот за систематизација на работи и работни задачи на работниците во Студентскиот центар „Скопје“ – Скопје потекнува од 1989 година, со измени и дополнување во 1994 година. Организационата структура е вклучена само во Статутот од 25.11.1999 година, меѓутоа во пракса функционираат работни единици и служби кои не одговараат на истата состојба, ниту пак на работните единици и служби наведени во Правилникот за систематизација на работи и работни задачи на работниците во Студентскиот центар „Скопје“. При вреднување на работните места се применуваат одредби од Правилникот за вреднување на работите, односно работните задачи по пат на аналитичка проценка во РЗ- Заеднички служби од 1985 година, донесен врз основа на Законот за здружен труд кој е вон сила.

**Препорака**

Управниот одбор на ДСЦ да донесе општи акти (правилници, колективен договор и одлуки) со кои ќе се уредат сите прашања кои се однесуваат на организацијата и систематизацијата на ДСЦ согласно Статутот, Деловникот за работа и важечката законска регулатива.

4.2.2 Во 2008 година директорот на ДСЦ има донесено решение за назначување на помошник директор без правен основ што не е во согласност со одредбите од чл. 32 од Статутот во кој се уредени надлежностите на директорот, чл. 30 од Законот за работни односи и чл. 46 до 49 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард според кој нема предвидено вакво работно место. Назначувањето на помошник директор има за ефект ненаменски исплатени средства за бруто плати на истиот во вкупен износ 560 илјади денари за 2009 година.

Со решение број 04-1013 од 28.05.2010 година на помошникот директор му престанува работниот однос поради стекнување на право на старосна пензија.

**Препорака**

Директорот на ДСЦ да не назначува лице на работно место помошник директор `се додека не се донесат и усогласат актите со Законот за ученичкиот и студентскиот стандард.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1 Во деловните книги и во Билансот на состојба, на ден 31.12.2009 година, евидентирани се градежни објекти со сегашна вредност од 302.091 илјади денари. Со извршената споредба и анализа на содржината на одделни документи (имотни листови, книга на капитален имот и одлуки и решенија за пренос на право на сопственост) се констатира дека за дел од евидентираните објекти не е извршено усогласување со документи од Агенцијата за катастар на недвижности, ниту по вид, ниту по квадратура. За одделни објекти кои се евидентирани во деловните книги не е обезбеден имотен лист, а земјиштето припаѓа на друга институција (земјиштето на кое е сместен СД „Кузман Јосифовски Питу„ гласи на име на УКИМ, а за земјиштето и зградите на СД „Гоце Делчев„ има имотен лист во сопственост на домот, иако зградите со одлука од 1977 година се пренесени на ДСЦ). Исто така, не е евидентирано и земјиште во населбата „Невена Георгиева Дуња„ и зградите во СД „Стив Наумов„ кое според имотниот лист и решението од АКН гласи на РМ – корисник ДСЦ.

Необезбедувањето на релевантни докази за потврда на искажаната сметководствена вредност на градежните објекти не е во согласност со чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба не обезбедува објективно и реално прикажување на билансните позиции на ДСЦ, како и сознание за вкупната вредност на недвижни ствари со кои располага РМ.

**Препорака**

Одговорните лица во ДСЦ да обезбедат имотни листови од Агенцијата за катастар на недвижности за носителот на правото на сопственост, односно користење на земјиштето и објектите кои се користат во установата за вршење на дејноста од јавен интерес.

4.3.2 ДСЦ како државна институција – корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижни ствари на начин пропишан во чл. 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што и не се доставени податоци од внатрешната евиденција до ДЗГР во

предвидениот рок (до 15.02.2006 година). Субјектот не доставил податоци за сметководствената вредност на недвижни ствари со состојба на 31 декември тековната година, како и податоци за промените во внатрешната евиденција односно промени кај вредноста на недвижните ствари што не е во согласност со чл. 88 и 89 од истиот Закон. Исто така, ДСЦ не доставил податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи со состојба на 31 декември во тековната година што не е во согласност со чл. 90 од истиот Закон.
Ваквата состојба придонесува за необјективно и нереално прикажување на билансните позиции на ДСЦ, како и немање сознание за вкупната вредност на недвижни ствари со кои располага РМ.

**Препорака**

ДСЦ да воведе евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи јавната установа и да достави податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31.12.2009 година до АКН и податоци за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користат до МФ.

4.3.3 Ревизијата не доби соодветни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на евидентираните обврски под 31.12.2009 година во износ од 5.400 илјади денари према добавувачот, кој вршел реконструкција на машката зграда 1 во СД „Стив Наумов„ и на обврските за надзорниот орган во износ од 107 илјади денари. Со тоа не го потврди и основот за евидентираното зголемување на вредноста на објектот во износ од 5.507 илјади денари, поради следното:

- Реконструкцијата на машката зграда 1 во СД „Стив Наумов„ е целосно завршена во 2008 година, што може да се потврди од извршените работи наведени во прва до петта времена ситуација на вкупен износ од 21.365 илјади денари кои целосно одговараат на видот, количината и цената како што е во понудата и основниот договор од 2007 година, потврдени од сите релевантни субјекти со своите потписи. Од ова произлегува дека во 2009 година доколку има потреба од извршување на нови дополнителни работи на истиот објект потребно е да се спроведе постапка за јавна набавка согласно законската регулатива.
- Во текот на 2008 година донесени се две одлуки за јавни набавки за дополнителни работи, на вредност од 3.600 илјади денари и на вредност од 1.820 илјади денари, за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, врз основа на писмено известување од надзорниот орган од 12.08.2008 година, со образложение дека овие дополнителни работи не се вклучени во основниот договор. За нивно извршување ангажиран е изведувачот кој ја вршел реконструкцијата.

- За извршените набавки за дополнителни работи не се обезбедени финансиски средства пред да отпочне постапката што не е во согласност со чл. 28 од Законот за јавни набавки. Обврските према добавувачите не се платени до 31.12.2009 година.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за необјективно и нереално прикажување на билансните позиции на ДСЦ при што постои можност од ненаменско трошење на средства.

**Препорака**

Надлежните институции за контрола на наменското трошење на средства кај ДСЦ (МОН и МФ) да извршат контрола на извршените градежни работи што се однесуваат на реконструкција на машка зграда 1 во СД „Стив Наумов„ врз основа на фактичката состојба на лице место и споредба со документацијата во сметководствената евиденција.

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.4 Согласно измената на Колективниот договор за средно образование, а врз основа на спогодба бр.11-1714/2 од 30.06.2009 склучена помеѓу СОНК и МОН, во јуни 2009 година на сите вработени во ДСЦ им е зголемена платата за 825 денари. Во чл. 1 од Колективниот договор за средно образование наведено е дека со овој колективен договор се уредуваат правата и обврските на работниците и на работодавачите од работен однос во средно образование. Зголемувањето на платите не е во согласност со чл. 13 од Општиот колективен договор за јавниот сектор кој ја уредува основната плата за вработените во јавниот сектор и има за ефект незаконски потрошени средства за таа намена. Вкупниот износ на повеќе исплатените плати ревизијата не можеше да го квантифицира поради промени на состојбата на ефективните работни часови по вработен за секој месец.

**Препорака**

Во наредниот период да се усогласи висината на платите со важечките законски прописи и колективни договори од областа во која извршува дејност ДСЦ.

4.3.5 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи по основ на исплата на надоместоци на членовите на Управниот одбор на ДСЦ, за што се потрошени средства од сметката на основен буџет во износ од 308 илјади денари и 434 илјади денари од сметката на буџет од самофинансирачки активности, поради следното:

- членовите на Управниот Одбор на ДСЦ и записничарот примаат надоместоци во паушален месечен износ од 3-10 илјади денари утврден со Одлука од 2003 година, без утврдени критериуми за начинот и основата на исплата на надоместокот.
- Исплатите се вршат секој месец независно дали е одржана седница или не што не е во согласност со чл. 3 од Деловникот според кој седниците треба да се одржуваат најмалку еднаш месечно и да присуствуваат сите членови.
- Изборот на вработени - членови на УО се именувани од директорот по своја проценка, а не врз основа на предлог на стручен колегиум што не е во согласност со чл. 18 од Статутот и има за ефект можност за поставување на вработени во органот на управување по субјективна проценка.
- По одржаната седница во записникот нема писмен доказ (потпис) од членовите на УО како тврдење за нивно присуство или најавено отсуство, поради што ревизијата не можеше да се увери дали на седницата реално присуствувале потребен број членови за донесување на одлуки од важност за работењето на ДСЦ.

Необезбедувањето на веродостојна документација со која ќе се потврдат исплатите на надоместоците на членовите на УО не е во согласност со чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и чл. 37в од Законот за буџетите, што овозможува незаконска и ненаменска исплата на средства.

**Препорака**
Исплатите на надоместоците на членовите на УО да се врши по присуство на одржана седница, најмалку еднаш месечно што ќе се потврдува писмено, а изборот на членовите од редот на вработените да се именуваат по предлог на стручниот колегиум.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

**Исплатени средства по договор за дело**

4.4.1 Во текот на 2008 и 2009 година ДСЦ има поднесено барања до МОН во кои се бара согласност за вработувања на неодредено време или одредено време преку агенција за привремени вработувања поради објективни причини (испразнети работни места поради пензионирање, природна смрт или друг основ). Во своите барања директорот на ДСЦ се повикува на работни места предвидени со Правилникот за систематизација на работи и работни задачи на работниците од 1989 со измени во 1994 година, кој не е усогласен со Законот за ученичкиот и студентскиот стандард. Од МОН на сите барања е одговорено

негативно односно не се дозволени нови вработувања, приложувајќи го и Конечен-записникот од 63 седница на Владата од 24.04.2009 година, со известувањето од МФ. И покрај ваквите известувања и добиеното решение од Државниот инспекторат за труд при МТСП од 2008 година, во текот на 2009 година извршени се исплати на лица ангажирани по договор за дело (45-70 лица месечно), за што се потрошени средства од сметката на основен буџет во износ од 2.298 илјади денари и од сметката на буџетот од самофинансирачки активности во износ од 2.920 илјади денари, што не е во согласност со чл. 13 од Законот за работни односи, чл. 619 од Законот за облигациони односи и чл. 51 од Законот за буџетите.

**Препорака**

Управниот одбор на ДСЦ да донесе нов Правилник за организација и систематизација на работните места со што би се утврдил потребниот број на работни места и потребата од нови вработувања согласно законската регулатива.

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ДСЦ за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.
Со ревизијата беа опфатени вкупно 16 постапки за јавни набавки спроведени во 2009 година, и тоа: 5 постапки со барања за прибирање на понуди без објавување на оглас, 1 постапка со барања за прибирање на понуди со објавување на оглас, 9 отворени постапки со објавување на оглас и 1 постапка со преговарање без објавување на оглас. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесуваат 64.952 илјади денари и претставуваат 54% од вкупната вредност на доделените договори за спроведените постапки во 2009 година во износ од 119.248 илјади денари.

Со ревизијата утврдивме недоследности во следните случаи:

4.4.2 Не постои усогласеност на проценетата вредност на стоки и услуги во планот за јавни набавки за 2009 година усвоен со одлука од УО на ДСЦ и годишниот план за јавни набавки во 2009 потпишан од директорот, поради што ревизијата нема точен податок за вредноста на стоки и услуги и видовите на

производи и услуги кои се планираат да се набават во 2009 година. Оваа вредност треба да биде усогласена и донесена на база на финансовиот план за обезбедени средства за 2009 година. Разликата во вредноста помеѓу овие два плана кај стоките изнесува 8.690 илјади денари, а кај набавките на услуги изнесува 11.883 илјади денари, што не е во согласност со чл. 26 од Законот за јавни набавки.

**Препорака**
Врз основа на утврдените извори на финансирање, директорот на ДСЦ да донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи на начин пропишан со Правилникот за форма и содржина на годишен план за јавни набавки, и истиот да биде даден на усвојување на УО на ДСЦ.

4.4.3 Согласно чл. 29 од Законот за јавни набавки, директорот на ДСЦ определил лица за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите – тендерите по вид, количина и цена на производите и услугите. Со ревизијата се констатира дека во 25 случаи на вкупен износ од 3.694 илјади денари извршени се набавки на стоки над договорената вредност, а кај услугите воопшто не се врши следење на реализацијата во однос на договорените цени. Констатирани се поединечни случаи од одделни добавувачи - даватели на услуги кои ги фактурирале своите услуги над вистински потрошените количини на материјали, по цени повисоки од важечкиот ценовник и над норма часовите предвидени за поправка во понудата, поради што потрошени се повеќе средства од планираните и овозможено е стекнување на имотна корист.

**Препорака**
Лицата задолжени за следење на реализацијата на договорите да ја извршуваат својата задача согласно законската регулатива и склучените договори.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точките, 4.2.1, 4.3.1, 4.3.2, 4.3.3, 4.3.5 и 4.4.2 погоре, а кои се однесуваат на неусогласени интерни акти со важечката законска регулатива, невоведени евиденции за недвижностите на ДСЦ и необезбедени докази (имотни листови) за користење и располагање со истите, неуверување во износот на прикажаните обврски спрема добавувачите, ненаменски исплати по договор за дело и неусогласен финансиски план за јавни набавки

донесен од директорот и Управниот одбор на ДСЦ, ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.3.1, 4.3.2, 4.3.3. и 4.3.5, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот студентски центар „Скопје“ - Скопје - сметка на основен буџет, на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.1, 4.2.2, 4.3.4, 4.4.1, 4.4.2, 4.4.3 и 4.4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државниот студентски центар „Скопје” - Скопје - сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание на следното:
Министерството за образование и наука како надлежно министерство за организирањето, спроведувањето и надзорот над вршењето на дејноста на студентскиот стандард кај студентските домови, вклучувајќи го ДСЦ како центар составен од 5 студентски домови, во изминатиот период голем дел од надлежностите што се однесуваат на финансирањето на оваа дејност не ги врши на начин предвиден со Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, а кои значително влијаат на функционирањето и ликвидноста на ДСЦ, и тоа:

- во периодот од 2003 заклучно со 2009 година, МОН нема донесено нови Критериуми за финансирање на дејноста во студентските домови, односно последен акт е донесен на 26.06.2003 година, со примена од 1.09.2003 година што не е во согласност со чл. 58 од Законот.
- За учебната 2008/09 и 2009/10 година не се донесувани посебни решенија за цената за сместување и цената за исхрана, туку истата е утврдена како заедничка цена за сите студентски домови во Програмите за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард, за 2008 и 2009 година, што не е во согласност со чл. 37 ст 1 од Законот.

- Во изминатиот период МОН нема донесено решенија за утврдената (полна-економска) цена за сместување, ниту за цената за исхрана по студентските домови во состав на ДСЦ, што не е во согласност со чл.37 ст 1 од Законот. Имено, ваквата цена е прикажана во месечните решенија за одобрени средства од Буџетот на РМ, без притоа да се земат во предвид предлог цените за сместување и исхрана донесени од УО на ДСЦ, согласно чл 37 ст 1 и чл 39 ст 1 ал 7 од Законот, за учебната 2008/09 и за учебната 2009/10 година, изготвени врз основа на извршена анализа на податоците за реалните трошоци по студентски домови, и доставени до МОН, на кои не е добиен никаков одговор.
- За учебната 2009/10 година донесен е и заклучок од УО во кој е констатирано дека цените на услугите од сместување и исхрана кои се применуваат се значително пониски од цените кои ги утврдува ДСЦ поради што предлага изнаоѓање на можност од МОН утврдените предлог цени од нивна страна да се зголемат за најмалку 10%, а со цел значително да се покријат трошоците на работењето.
- МОН нема доставено извадок од годишен финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки за одобрени средства на ДСЦ што не е во согласност со чл. 6 ст. 2 од Законот за извршување на буџетот на РМ за 2009 година.

**Изградба и користење на спортска сала и земјиште за спортско рекреативни објекти, на простор чиј носител на право на недвижностите е СД „Гоце Делчев„ Скопје**

Во месец февруари 2002 година, склучен е пред – договор, а потоа и договор, за користење на простор помеѓу ДСЦ и Агенцијата за млади и спорт, за користење и употреба на земјиште за изградба на спортска сала во состав на СД „Гоце Делчев„ а во врска со реализација на Проектот за изградба на спортски сали. Просторот со површина од 9.033 м2 се дава на користење на 30 години, почнувајќи од 12.02.2002 заклучно со 12.02.2032 година. Како надомест за користење на просторот, корисникот-АМС е должна на студентите кои студираат на УКИМ и на оние кои живеат во сите студентски домови во Скопје, да им овозможи бенефицирано - повластено користење на програмите и проектите што ќе бидат утврдени на начин и постапка со посебен Правилник од страна на АМС. Во договорот е наведено дека ДСЦ е должен да ги намирува сите обврски со тековното користење на просторот (комунални услуги) и јавни давачки кон државата, а на АМС му е дозволено предметот на овој договор да го даде во подзакуп на здружение на граѓани или на друго правно лице.

На 1.10.2002 година склучен е договор за доизградба и користење на спортска сала и земјиште за спортско рекреативни објекти, помеѓу АМС – инвеститор, и

приватна фирма – соизведувач. Вредноста на доизградбата на спортската сала изнесува 5.752 илјади денари (94.331 евра) кој што износ се компензира со побарувањето на инвеститорот АМС од соизведувачот, Скопје по основ на пресметана закупнина на објектот и земјиштето, која е утврдена на месечна закупнина од 190 евра со ддв. При тоа, во договорот е наведено дека компензацијата на побарувањето од АМС со вложените средства од 5.752 илјади денари, како и инвестициите од уредување на земјиштето и изградба на останати спортско-рекреативни објекти на истото ќе се врши за временски период `се до целосно регулирање на обврските. Во ваков случај, со проширување на договорот со инвестиции за кои дополнително ќе бидат вложени средства за кои не се знае во колкав износ, воопшто неможе да се предвиди временскиот период на користење даден на подзакупецот.

ДСЦ нема увид дали АМС, односно позакупецот (приватна фирма) ги исполнува одредбите од чл. 4 од договорот за студентите да го користат објектот и просторот по бенефицирана цена – повластено користење кое е поврзано со надоместот за користење на просторот за АМС, односно дали се исполнуваат одредбите од чл. 5 од договорот во кое е наведено дека соизведувачот се обврзува да го користи објектот спортска сала исклучиво за намената за која е поставен.

Во договорот од 20.09.2009 година времето на закуп од ДСЦ на АМС изнесува 30 години при што е наведено дека, во случај на раскинување на договорот по истекот на рокот или со взаемна согласност помеѓу ДСЦ и АМС, доколку предметот е издаден во подзакуп тогаш договорот може да биде раскинат само доколку даде согласност и подзакупецот. На овој начин подзакупецот има целосна заштита на неограничен рок на користење.

Ревизијата предлага преиспитување на целиот случај од законски и правен аспект во однос на давањето на просторот од 9.033 м2 и спортски сали на приватна фирма со месечна закупнина од 190 евра.

Скопје, 29.07.2010 година

*Овластен државен ревизор*
-----------------------------------

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 85,569 | 139,349 |
| **Вкупно приходи** | **85,569** | **139,349** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 40,733 | 39,388 |
| Стоки и услуги | 44,836 | 74,683 |
| **Вкупно тековни расходи** | **85,569** | **114,071** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 25,278 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **25,278** |
| | | |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **85,569** | **139,349** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---:|---:|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 1,246 | 537 |
| Активни временски разграничувања | 10,773 | 4,518 |
| Залихи | 69 | 463 |
| **Вкупно тековни средства** | **12,088** | **5,518** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 307,970 | 298,832 |
| **Вкупно постојани средства** | **307,970** | **298,832** |
| **Вкупна актива** | **320,058** | **304,350** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5,507 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 5,267 | 4,518 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,246 | 537 |
| **Вкупно тековни обврски** | **12,020** | **5,055** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 308,038 | 299,295 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **308,038** | **299,295** |
| **Вкупна пасива** | **320,058** | **304,350** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **298,832** | **463** | **299,295** |
| **Зголемување по основ на:** | **15,068** | - | **15,068** |
| Набавки | 5,684 | - | **5,684** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | 9,384 | - | **9,384** |
| **Намалување по основ на:** | **5,931** | **394** | **6,325** |
| Отпис на капитални средства | - | | - |
| Издаден ситен инвентар од залиха во употреба | - | 379 | **379** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | - |
| Амортизација | 5,893 | | **5,893** |
| Расход | 38 | 15 | **53** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **307,969** | **69** | **308,038** |

21.07.2010

09 149/8

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР**
**„СКОПЈЕ“ – Скопје**

„МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ„ 26 Б
телефони:
ДИРЕКТОР: 3226 261
КОМЕРЦИЈА: 3225 373
ИСХРАНА: 3220 996
СМЕТКОВОДСТВО: 3117 654
ФАКС: 3113 008
ЦЕНТРАЛА: 3228 844

Бр.1214/3
20.07.2010 год.

**До**
**Државен Завод за Ревизија**
**Ул.Македонија бр.12/3**
**1.000 Скопје**

**Предмет: Забелешки кон нацрт извештајот бр.09-149/4 и 09-149/5**

Во врска со добиениот нацрт извештај бр.09-149/4 од 07/07/2010 год. ги оспоруваме следните точки:

Точката 4.2.2 и к онстатацијата на Државната ревизија ,дека донесеното решение од директорот на Државниот Студентски Центар,Скопје,, Скопје за назначување на пом. директорот е без правен основ и спортивно на член 32 од Сатутот и член 30 од ЗРО и членовите од 46-49 од Законот за учничкиот и студентскиот стандард,според кој нема предвидено работно место пом. директор, ја оспоруваме поради сленото:

Директорот на ДСЦ во рамките на своите надлежности согласно чл. 32 од Статутот алија 6 која гласи „одлучува за распоредување и престанок на работниот однос на работниците „ а во согласност со членот 30 од ЗРО извршил распоредување на управникот на студентската населба Невена Георгиева Дуња на работно место пом. директор.

Работното место пом.директор е предвидено во Правилникот за систематизација на работите и работните задачи на работниците во Студентскиот Центар Скопје и истото е раководно место но не е реизборно и не може да се применат одредбите од чл 46-49 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард бидејќи тие се однесуваат за директор на студентските домови а не и за пом.директорот.

Во врска со препораката по ова точка за укинување на решението за пом.директорот сакаме да напоменеме дека ова е веќе рализирно, имено од 01.06.2010 година на пом.директорот му

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ – Скопје**

престана работниот однос поради остварување на правото на старосна пензија.

**Прилог:** ***Копие од решение за престанок на работен однос.***

Во врска со точка 4.3.3.),каде државниот ревизор заклучил дека се констатирани пречекорувања на договорената и планира количина на одреден вид на стоки со реализираната,појаснуваме дека тоа е сторено,заради објективни причини,бидејќи МОН како ресорно министерство не ни даде навремено одобрение обезбедени финансиски средства(согласно чл.26 од ЗЈН),па за да не се доведеме во ситуација да го прекинеме процесот на производство на храна бевме приморани да во мал процент ги надминеме предвидените количини со склучените договори.

Точката 4.3.4. во врска со зголемувањето на платата по основ на општествена исхрана во износ од 825,00 денари, ја оспоруваме бидејќи од СОНК на РМ ја добивме Спогодбата бр.0301-67/1 од 03.12.2008 година која во точките 1 и 2 е опфатено и правото за исплата на овој надоместок и за нас како образовна институција,кое е видно од потписниците на Спогодбата.

**Прилог:** ***Копие од Спогодбата***

Во врска со добиениот нацрт извештај бр.09-149/5 од 07/07/2010 год. ги оспоруваме следните точки:

Точка 4.2.3: - ги оспоруваме констатациите од точка 4.2.3 од наведениот нацрт , бидејки не ја прикажуваат реалната состојба во областа на книжењата за процесот на издавањето и производството на готовите јадења. Центарот има воведено огромна аналитичка евиденција, како материјална така и финансиска со посебно аналитичко издвојување по погони како на материјалите така ин а готовите производи.

Напоменуваме и тоа дека имаме посебно вработено лице - нормирец, кој има основна задача да прави требовања исклучиво по нормативот, истите да ги доставува до магацинот при што магацинот издава артикли за производството исклучиво по нормативот.

Целата постапка тече вака:

- со набвената роба за магацинот по добивањето на фактурата на која се врши проверка дали одговара по договорот

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ" – Скопје**

од тендерот, се задолжува магационерот за прехрамбени артикли (истиот изготвува приемница со количини и вредности кои одговарааат на фактурата) и се книжи 310/901,198/220.

- нормирецот секој ден добива барање од погонот за производство за количините и видовите на јадења кои треба да се произведат за наредниот ден, а тој врз база на нормативот прави збирно требовање во кое се прикажуваат артиклите кои треба да ги издаде магационерот за соодветниот ден.

- магационерот ја издава наведената роба а доколку нема соодветна роба , не се произведува бараното јадење, ова се прави секојдневно .

- на крајот на месецот се прават збирни извлечениja по погони и по вид на производство(менза, бифиња,слаткара, бурекџилница и т.н.) , збирни издатници и се спроведува книжење 901/310

-издадената роба се книжи како производство во исто време со ставот 316/634 со набавната вредност и бидејки водиме буџетско книговодство веднаш затвараме 634/316 исто за набавната вредност.

-со произведените готови јадења се задолжува главната кујна со книжење 663/293 со продажната вредност и по испраќањето на јадењата во погоните се одобрува главната кујна со продажната вредност со обратно книжење 293/663 а се задолжуваат пооделните објекти аналитички со продажната вредност при што се издвојува данокот на додадена вредност(663/293-(бифиња, мензи шалтер готовина) и 198/250 за ДДВ.

- по извршената реализација секој објект внесува во благајната студентски бонови и се раздолжува финансиски (293/663).

- во книговодствената евиденција имаме посебен програм од кој во секое време може да се извадат податоци за вкупно произведени артикли по видови , по временски период и по погони.

- истата постапка се прави и при издавањето на месо од месарницата( доказ еден пример од месец октомври 2009 год.

Со оглед на тоа да ревизијата ги има копирано сите материјали по горе наведените точки , не доставуваме повторно

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ“ – Скопје**

копии од истите, но доколку е потребно уште еднаш ќе ви ги доставиме истите.

Заради горе изнесеното ве молиме да го преиспитате овој став од нацрт записникот и да го корегирате , посебно сумата од 30.461 илјади денари, бидејки ако се чита записникот од недоволно информирано лице ќе се добие впечаток дека воопшто не се води евиденција за овој дел од процесот во ДСЦ.

Во врска со 4.3. 3,каде ревизорот заклучил дека при евалуација на понудувачите не се земени во предвид подкритериумите за бодирање,сметаме дека истите се земени во предвид и се сосtвен дел од основните критериуми при евалуацијата на понудите.

**Директор**
Крешимир Павиќ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**

**Дата:**

**Одговор на забелешки**
**по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**
**од Државниот студентски центар „Скопје“- Скопје**

На ден 21.07.2010 година под архивски број 09-149/8 добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Овластениот државен ревизор од Државниот студентски центар „Скопје“- Скопје. Забелешките се разгледани од страна на ревизорскиот тим и по истите е констатирано следново:

## Сметка на основен буџет

1. Забелешката на наодот од **точката 4.2.2.** од Нацрт извештајот, а во врска со донесеното решение за назначување на помошник директор без правен основ што не е во согласност со Статутот и законските прописи, **не се прифаќа,** од причини што во Статутот не е предвидено работно место за помошник директор и ДСЦ нема донесено посебен акт за внатрешна организација, а Правилникот за систематизација на работи и работни задачи на работниците во Студентскиот центар „Скопје“ – Скопје, што потекнува од 1989 година, со измени и дополнување во 1994 година, не е усогласен со Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, донесен во јули 1998 година. Решението од 1.06.2010 година, доставено во прилог на забелешките, со кое на помошник директорот му престанува работниот однос поради остварување на правото на старосна пензија, не влијае на промена на наодот туку само ја менува препораката во Конечниот извештај во наредниот период директорот на ДСЦ да не назначува лице на работно место помошник директор `се додека не се донесат и усогласат актите со Законот за ученичкиот и студентскиот стандард.

2. Забелешката на наодот во **точката 4.4.3.** од Нацрт извештајот (во забелешките по грешка наведена е точка 4.3.3.), што се однесува на утврдени поединечни случаи од одделни добавувачи - даватели на услуги кои ги фактурирале своите услуги над вистински потрошените количини на материјали, по цени повисоки од важечкиот ценовник и над норма часовите предвидени за поправка во понудата, **не се прифаќа,** од причини што во забелешките е дадено образложение кое не го ослободува субјектот од обврската за следење на реализацијата на договорите согласно законската регулатива и склучените договори.

3. Забелешката на наодот во **точката 4.3.4.** од Нацрт извештајот, која се однесува на зголемувањето на платите на сите вработени за 825,00 денари од јуни 2009 година што не е во согласност со чл. 13 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, **не се прифаќа,** од причина што во забелешките е доставена спогодба, бр 0301-67/1 од 3.12.2008 година, склучена помеѓу Министерството за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за култура и СОНК, со која се уредени одредени прашања кои се однесуваат на основно и средно образование, а не и за студентските домови.

Скопје, 29.07.2010 година